Влада на Република Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Бр. Сл 02
7.11.2011 год.
Јуриј Гагарин 15,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3134 477
Факс: (02) 3134 477
Е-пошта: info@mzsv.gov.mk
Сајт: www.mzsv.gov.mk

# С О О П Ш Т Е Н И Е

## ЗА ПРИЈАВУВАЊЕТО ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ПРОЦЕНИТЕЛ НА ТУТУН

Пријавувањето на заинтересираните кандидати за втор испит рок за полагање заради добивање на лиценца за проценител на тутун ЗАПОЧНУВА НА 9 ДЕКЕМВРИ И ЗАВРШУВА ЗАКЛУЧНО СО 16 ДЕКЕМВРИ 2011 година.

Испитот се полага пред комисија што ја формира министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Заинтересираните кандидати заедно со пријавата (во која се наведуваат адресата на живеење и контакт телефон) за полагање на испит за добивање на лиценца за процена на тутунот треба да ги приложат следните потребни документи:

1. Диплома за завршено високо, вишо или свидетелство за завршено средно образование од областа на технологијата за производство и обработка на тутун или

2. Кандидатите кои немаат соодветно образование треба да приложат копија од М1/М2 Образец со податоци за работниот стаж и тоа:

-високо образование со две години работен стаж
-вишо образование со три години работен стаж или
-средно образование со четири години работен стаж.

За работното искуство во областа на технологијата за производство и обработка на тутун треба да се достави и потврда од фирмата.

3. Кандидатите кои немаат соодветно високо, вишо или средно образование кои се производители на тутун непрекинато најмалку последните пет години треба да приложат договор за производство и откуп на тутун или потврда од претпријатието со кое производителот склучувал договори за производство и откуп на тутун и документ за завршено образование.

Пријавата заедно со потребната документација се доставуваат најдоцна до 16.12.2011 година до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на адреса: улица "Јуриј Гагарин" бр.15, Скопје 1000.

За трошоците, местото и датумот на одржување на испитот за полагање, заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат законските услови, дополнително ќе бидат известени.